**20140270936**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Се прогласува Законот за користење на податоците од јавниот сектор,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07-666/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорѓе Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

## I. Општи одредби

Член 1

**Предмет**

Со овој закон се утврдува обврската на органите и институциите од јавниот сектор за јавно објавување на податоците кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности согласно со закон, со цел да овозможат користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање на нови информации, содржини, апликации или услуги.

Член 2

**Цел**

Целта на овој закон е со користењето на податоците од јавниот сектор да се поттикне:
- иновации и создавање на нови информации, содржини и апликации преку комбинирање или вкрстување на податоците,
- создавање на нови услуги, креирање на работни места и социјална вклученост,
- зголемена отчетност и транспарентност на јавниот сектор,
- подобрување на квалитетот на податоците од јавниот сектор,
- развој на економијата и развој на конкуренцијата и

- развој на информатичкото општество во Република Македонија.

Член 3

**Исклучоци од примената на Законот**

Предмет на користење се сите податоци од јавниот сектор освен:

а) податоците што се исклучени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

б) податоците до кои пристапот е ограничен со закон;

в) податоците чие создавање не е предмет на органот или институцијата од јавниот сектор;

г) податоците врз кои трети страни имаат право на интелектуална сопственост;

д) податоците што му припаѓаат на јавниот радиодифузен сервис, неговите дописништва и податоците на институциите задолжени за овозможување на емитувањето на јавниот радиодифузен сервис;

ѓ) податоците кои им припаѓаат на органите и институциите кои вршат образовна или истражувачка дејност, вклучително и организации основани за размена на истражувачки резултати и

е) податоците кои им припаѓаат на установите од областа на културата со исклучок на библиотеките, музеите и архивите.

Член 4

**Дефиниции**

Во смисла на овој закон одделни изрази го имаат следново значење:

1. „Органи и институции од јавниот сектор“ се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон;

2. „Информација“ е која било содржина без разлика на средството со кое се пренесува (напишано на хартија или зачувано во електронска форма како звук, визуелна или аудиовизуелна снимка) или кој било дел на таквата содржина;

3. „Податок“ е квалитативна или квантитативна вредност, односно засебен дел од една информација;

4. „Необработени податоци“ се збир на броеви и знаци структурирани табеларно во редови и колони (регистри, бази и табели);

5. „Метадата“ се податоци со кои се објаснува значењето на податоците, односно дескриптивни податоци;

6. „Податоци од јавен сектор“ се податоците кои органите и институциите од јавниот сектор ги создаваат во текот на работењето согласно со законските надлежности;

7. „Централен каталог на податоци од јавен сектор“ е на интернет достапна алатка која на корисниците преку целосен текст или уреден збир на метадата им овозможува пристап до податоци од документи или збирки во електронска форма;

8. „Компјутерски обработлив формат“ значи формат на документ структуриран на начин на кој софтверските апликации можат лесно да го идентификуваат, препознаат и да извлечат конкретни податоци од него, вклучително и посебните делови на податокот и нивната внатрешна структура и овозможува негово автоматско процесирање;

9. „Отворен формат“ е формат на податок кој не е зависен од платформата и е достапен на јавноста без никакви ограничувања со кои би се попречило користењето на податокот и

10. „Формален отворен стандард“ значи стандард кој е утврден во пишана форма и се однесува на обезбедување на софтверска интероперабилност.

II. Обврски за органите и институциите
од јавниот сектор

Член 5

**Обврски на органите и институциите од јавниот сектор
за овозможување на користењето на податоците**

(1) Органите и институциите од јавниот сектор се должни согласно со нивните технички можности да објават податоци кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење, освен податоците од членот 3 од овој закон.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува за податоците со кои располагаат органите и институциите на јавниот сектор, а кои ги создал друг орган или институција од јавниот сектор.

(3) Доколку органите и институциите од јавниот сектор со користење на податоци кои ги создал друг орган или институција од јавниот сектор создале нови податоци, тогаш за новите податоци важи обврската од ставот (1) на овој член.

(4) Податоците од ставот (1) на овој член покрај во читлив формат треба да бидат објавени како необработени податоци во компјутерски обработлив формат и да бидат достапни во отворен формат заедно со нивната метадата до најниското нивно на деталност. Форматот и метадатата треба да бидат усогласени со формалните отворени стандарди за обезбедување на софтверска интероперабилност.

(5) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува на податоци чие прилагодување за користење, како што е вадење на делови од документи, би вклучувало неразумно поголем труд и ресурси во споредба со вообичаените задачи.

(6) Органите и институциите од јавниот сектор се должни податоците од ставот (1) на овој член да ги ажурираат согласно со динамиката што сами ја утврдуваат, обезбедувајќи точност на податоците, притоа наведувајќи го на видно место датумот на последното ажурирање.

(7) Минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци согласно со ставот (1) на овој член, како и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите ги утврдува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 6

**Престанок на обврската за објавување на
податоците од јавниот сектор**

Ако органите и институциите од јавниот сектор престанат да создаваат или чуваат одредени податоци кои веќе биле објавени за користење, се должни престанокот на создавањето или чувањето на тие податоци да го објават на истата веб локација најдоцна во рок од три месеци од престанокот.

Член 7

**Централен каталог на податоци од јавниот сектор**

(1) Министерството за информатичко општество и администрација води централен каталог на податоците од јавниот сектор објавени за користење врз основа на каталог на податоци од органите и институциите од јавниот сектор и истиот го објавува на www.otvorenipodatoci.gov.mk.

(2) Органите и институциите од јавниот сектор се должни до Министерството за информатичко општество и администрација да достават во електронска форма каталог на податоците кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности кои ги објавуваат за користење, вклучувајќи и датум за објавување на податоците (по податочни сетови) за нивно користење, динамика на нивно ажурирање (дневно, неделно, месечно и квартално) и поединечен линк, односно веб локација до местото каде што органот или институцијата од јавниот сектор ги објавува податоците, во рок од три месеци од објавувањето на податоците за користење.

(3) Секој орган или институција на јавниот сектор е должен да обезбеди редовно ажурирање на податоците кои ги објавил за користење, функционалност на веб локацијата каде што податоците се објавени и функционалност на линкот до централниот каталог на податоци од јавниот сектор на www.otvorenipodatoci.gov.mk.

(4) Во органите и институциите од јавниот сектор се определува контакт лице задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страницата на органот и за обврските за ажурност на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk, како и непречено извршување на обврските од ставовите (2) и (3) на овој член и за тоа се известува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена од денот на определувањето на лицето.

Член 8

**Ревидирање на каталогот**

(1) Министерството за информатичко општество и администрација врши редовно надополнување на централниот каталог на податоци од јавниот сектор објавени за користење.

(2) Секој орган или институција од јавен сектор е должен редовно, а најмалку квартално да го извести Министерството за информатичко општество и администрација за објавување на нови податоци за користење со цел за истите да бидат поврзани и објавени на централниот каталог на податоци од јавен сектор.

(3) Министерството за информатичко општество и администрација при ревидирање на каталогот на податоци од јавниот сектор може да го задолжи органот или институцијата на јавен сектор дополнително да објави податоци кои ги создава во вршењето на своите надлежности, а кои до тој момент не ги објавил за користење и кои не се спротивни на членот 3 од овој закон.

(4) Органот или институцијата од јавен сектор за податоците од ставот (3) на овој член треба да го извести Министерството за информатичко општество и администрација во кој рок ќе може истите да ги објави и на тој начин да ги направи достапни за користење.

(5) Доколку органот или институцијата од јавен сектор не постапи или не го почитува предвидениот рок согласно со ставот (4) на овој член, Министерството за информатичко

општество и администрација ќе го извести Државниот управен инспекторат кој ќе постапи согласно со своите надлежности.

Член 9

**Услови за користење на податоците**

(1) Користењето на податоците од јавниот сектор е слободно.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, органите и институциите од јавниот сектор користењето на податоците кои ги објавиле можат да го ограничат со давање согласност за користење на начин што нема непотребно да го ограничи користењето на податоците или на начин со кој би се ограничила конкуренцијата. Согласноста за користење на податоците треба главно да се однесуваат на обврска за цитирање на органот или институцијата од јавниот сектор чиј податок бил користен, не повикување или не цитирање на изворот ако била менувана или во друг контекст употребена содржината на податоците, правилна и точна примена на податоците во одредени случаи, одговорност за злоупотреба на податоците и слично.

(3) Органите и институциите од јавниот сектор треба согласноста од ставот (2) на овој член да ја процесираат електронски или во писмена форма.

Член 10

**Начела за наплаќање, транспарентност и не дискриминација**

(1) Користењето на објавените податоците од јавниот сектор е бесплатно.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат врз:

а) органите и институциите од јавен сектор од кои се бара да создаваат приходи со цел да покријат битен дел од трошоците поврзани со извршувањето на нивните јавни овластувања;

б) податоци за кои од органот или институцијата од јавен сектор се бара да создаде одреден приход за да покрие битен дел од трошоците за нивно собирање, продуцирање, репродуцирање и дисеминација, согласно со закон и

в) библиотеките, вклучително и универзитетските библиотеки, музеите и архивите.

(3) Органот или институцијата на јавниот сектор за податоците чие користење го наплаќа е должен да состави тарифник и истиот да го објави.

(4) Кога користењето на податоците на органот или институцијата од јавниот сектор се наплаќа, таквите трошоците ќе важат и кон другите органи или институции од јавниот сектор, доколку таквите податоци ги користат како дополнување на нивните комерцијални активности, а надвор од јавните овластувања.

Член 11

**Забрана за ексклузивни договори**

(1) Органите и институциите од јавниот сектор не смеат да склучуваат договори со трети страни со кои ќе им дадат ексклузивни права за користење на нивните податоци.

(2) По исклучок, органите и институциите од јавниот сектор можат да склучат договори со трети страни со кои ќе им дадат ексклузивни права за користењето на нивните

податоци само доколку предмет на договорот е давање на некоја јавна услуга или услуга од јавен интерес која органот или институцијата од јавниот сектор нема намера да ја обезбеди, а нејзиното обезбедување е условено од користењето на односните податоци. Ваквите договори можат да бидат склучени за период најмногу до три години.

(3) По истекот на периодот од ставот (2) на овој член податоците за чие користење биле дадени ексклузивните права треба да бидат јавно објавени за користење.

(4) Одредбите од овој член не важат за дигитализирање на културолошките ресурси. Ексклузивните права за дигитализација на културолошките ресурси можат да бидат максимум десет години, а онаму каде што периодот надминува десет години времетраењето треба да биде предмет на ревизија во текот на единаесеттата година и на секои седум години после тоа.

(5) Органите и институциите од јавниот сектор договорите од ставот (4) на овој член ги објавуваат на нивната веб страница.

(6) Во случај кога се дадени ексклузивни права за дигитализација на културолошките ресурси договорната страна треба да му даде на органот или институцијата од јавниот сектор бесплатна копија од дигитализираните културолошки ресурси, а таквата копија станува достапна за користење по истекот на рокот за ексклузивитет.

## III. Надзор

### Член 12

### **Надзор**

Надзор врз спроведување на одредбите од овој закон врши Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 13

### **Инспекциски надзор**

Инспекциски надзор врз спроведување на обврските на институциите врши Државниот управен инспекторат, со исклучок на органите на судската власт, Собранието на Република Македонија и телата формирани од страна на Собранието на Република Македонија.

## IV. Прекршочни одредби

### Член 14

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во органот или институцијата од јавниот сектор доколку не постапи во согласност со членовите 5 ставови (1) и (6) и 7 ставови (2) и (3) од овој закон.

### Член 15

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во Министерството за информатичко општество и администрација доколку не постапи во согласност со членовите 5 став (7) и 7 став (1) од овој закон.

Член 16

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во органот или институцијата од јавниот сектор доколку не постапи во согласност со членот 8 ставови (2) и (4) од овој закон.

Член 17

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во Министерството за информатичко општество и администрација доколку не постапи во согласност со членот 8 став (1) од овој закон.

Член 18

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во органот или институцијата од јавниот сектор доколку не постапи во согласност со членовите 10 став (3) и 11 ставови (3) и (5) од овој закон.

Член 19

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во органот или институцијата од јавниот сектор кој ги користел, а не ги платил за дополнување на својата комерцијална активност податоците на друг орган или институција од јавниот сектор чие користење се наплаќа, согласно со членот 10 став (4) од овој закон.

Член 20

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице во органот или институцијата од јавниот сектор кој не го најавил престанокот на натамошното создавање на податоците кои веќе биле објавени за користење, согласно со членот 6 од овој закон.

Член 21

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка се води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд согласно со Законот за прекршоците.

V. Преодни и завршни одредби

Член 22

Техничките нормативи од членот 5 став (7) од овој закон ќе се донесат во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Органите и институциите од јавниот сектор се должни до Министерството за информатичко општество и администрација да го достават каталогот на податоците од членот 7 став (2) од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 24

Органите и институциите од јавниот сектор известувањето за контакт лицето од членот 7 став (4) од овој закон ќе го достават во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.